Претставници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) ги подобруваа вештините за тимска работа на обуката што се одржа од 7 до 9 јуни 2022 година, а за нив ја организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во тридневната работа тие се фокусираа на јакнење на организациските вештини, тимската ефикасност, трансформирањето конфликти, решавањето проблеми итн.



За време на обуката учесниците/чките зборуваа за своите улоги во тимот. Благодарение на позитивната атмосферата која се создаде тие ги тестираа своите способности и се соочуваа со сопствените јаки и слаби страни. Претставниците на КСЗД откриваа нови

работи за себе, научија да применуваат нови пристапи во меѓусебните релации, но исто така научија како да извлечат лекции од евентуалните грешки.

„Функционирање како тим е основниот предуслов од кој зависи продуктивноста и успехот на секоја организација“, вели Емилија Пападимитров од Комисијата. Таа додава дека обуката за тимска работа, им помогнала да разберат како да ги применат основните процеси и алатки за градење на соработка и доверба, посветеност во групата, но и како да го зајакнат сопствениот капацитет  и да креираат синергија во извршувањето на задачите.



Обуката се реализира по методологија за неформално образование и учење преку искуство, а при обработувањето на темите се користеа повеќе пристапи како што се студиите на случај, играњето улоги, интерактивните дискусии, работа во парови или групи итн. Учесниците повремено беа ставани во тимски практични предизвици кои

помагаа да се интензивира тимската динамика. Обуката ја водеше проф. д-р Лазар Ѓуров, вонреден професор на Военатa академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје чија специјалност се индивидуалниот и организацискиот развој.

Оваа обука е дел од проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, кој е финансиран од Европската Унија. Главната цел на проектот е да придонесе кон зајакнување на институционалниот одговор за борба против дискриминацијата и неправедниот третман кон маргинализираните групи и граѓани.